Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

| Број 24 | Година V |11.04.2012г. |

Бесплатен примерок



## Во општината Кисела Вода

# УЛИЦАТА ПРВОМАЈСКА ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО БУЛЕВАР

*Капитални проекти на Градот Скопје*



# УЛИЦАТА ПРВОМАЈСКА ЌЕ СТАНЕ БУЛЕВАР



Улицата Првомајска до крајот на годинава ќе прерасне во булевар, со четири коловозни ленти, уредени тротоари, зеленило и ново осветлување. Градот Скопје на 11 март го почна капиталниот проект за проширување и реконструкција на оваа прометна сообраќајница, а почетокот на градежните работи го означија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалникот на општината Кисела Вода, Марјан Ѓорчев.

- Улицата Првомајска, во општината Кисела Вода, е една од најголемите и најзначајни сообраќајни артерии во Скопје од којашто директно зависат повеќе од 150.000 жители на нашиот град.

На обемниот проект за проширување и реконструкција на улицата Првомајска напорно работевме 2,5 години. По неговото завршување, во минатото ќе останат долгите редици возила што сега се секојдневна слика на оваа прометна улица, метежот и отежнатото движење. Улицата Првомајска во должина од 2,5 километри ќе прерасне во широк и проточен булевар, со уредени тротоари и со странично зеленило и ќе ги потврди заложбите на Градот Скопје за решавање на проблемот со сообраќајниот метеж и, што е најважно, за зголемување на безбедноста за сите учесници во сообраќајот - рече градоначалникот Трајановски, на почетокот на градежните работи на улицата.

Со овој проект ќе се реконструираат две делници од улицата Првомајска и тоа:

- **Делница 1:** Потег од „Рампа" до крстосницата со улицата Народни херои во должина од 1.380 метри и
- **Делница 2:** Потег од крстосницата со булеварот Србија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница" во должина од 1.126 метри.

Постојната сообраќајница по проширувањето ќе се трансформира во булевар со 4 коловозни ленти (по две во секоја насока) широки по 3,5 метри. На потегот од „Рампа" до општинската зграда, од десната страна на коловозот (гледано од Центар кон Драчево) ќе се формира тротоар широк 2,5 метри, а од левата страна на коловозот ќе се изгради тротоар со велосипедска патека со ширина од три метри. На потегот од општинската зграда до Расадник од десната страна на коловозот ќе се формира тротоар со ширина од 2,5 метри, а од левата страна на коловозот тротоарот и велосипедската патека ќе бидат широки 4 метри. Кај поранешната фабрика за производство на сапун, од левата страна на коловозот ќе се изгради потпорен ѕид во должина од 170 метри. Во текот на проширувањето на коловозот на оваа делница ќе се постави и атмосферска канализација во должина од 1.380 метри со променлив профил (од Ф 400 до Ф 600 милиметри).

Паралелно со градежните работи на првата делница проширувањето на улицата Првомајска ќе се одвива и на втората делница, од крстосницата со булеварот Србија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница". Со проширувањето на овој дел улицата Првомајска ќе прерасне во булевар со 4 коловозни ленти (по две во секоја насока) широки по 3,5 метри. Од левата страна на коловозот (гледано од Центар кон Драчево) ќе се изгради тротоар со велосипедска патека со ширина од 4 метри, а од десната страна на булеварот тротоарот ќе биде широк 2 метри.

Во текот на проширувањето на коловозот на оваа делница ќе се постави и атмосферска канализација во должина од 1.126 метри со променлив профил (од Ф 500 до Ф 800 милиметри).

Постојниот армирано-бетонски мост над Усјанскиот канал ќе се реконструира, ќе се прошири и ќе добие 4 коловозни ленти со пешачка и со велосипедска патека.

- Проширениот булевар Првомајска ќе добие ново улично осветлување, просторот од двете страни на коловозот ќе се облагороди со дрвореди, а ќе се постават и клупи и корпи за отпадоци. На проширување и реконструкција на улицата Првомајска ќе работат екипите на конзорциумот „Алпине Бау" и Жикол од Скопје. Градежните работи треба да завршат за девет месеци. Во проектот за проширување и реконструкција на улицата Првомајска Градот Скопје ќе вложи околу 4 милиони евра, пари обезбедени од Европската банка за обнова и развој, како кредит, и од Буџетот на Град Скопје.

Ги повикувам моите сограѓани да имаат разбирање и да покажат трпение додека траат градежните работи на овој обемен зафат и во своето секојдневно движење да ја користат околната патна мрежа. До крајот на годинава сите ќе ги уживаме придобивките од овој значаен проект - нагласи градоначалникот Трајановски.









# РЕНОВИРАН МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР








Објектот на Младинскиот културен центар на почетокот на годинава доби нов изглед.

- Би ја искористил можноста да се заблагодарам за одличната соработка којашто ја имаме со Делегацијата на Европската Унија во нашава држава, како и за финансиската помош што преку ИПА фондовите од Програмата на ЕУ ја добивме и ја инвестиравме во реновирањето на овој објект. Град Скопје и натаму ќе продолжи да одвојува средства од Буџетот со коишто се надеваме дека набргу ќе биде реконструирано и влезното фоаје на МКЦ - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на реновираниот објект.

Со средства добиени од ИПА Програмата на Европската Унија, во износ од 35.000.000 денари, завршена е реконструкцијата на покривот на објектот, реконструкцијата на фасадата со замена на постојните прозорци и надворешни врати, како и реконструкцијата на санитарните јазли и тоалетите. Градот Скопје како коинвеститор во реконструкцијата обезбеди средства за набавка на аудио и светлосна опрема во износ од 8.320.000 денари.

Со средства на Град Скопје во износ од 7.250.000 денари заврши и санацијата на концертната сала и на киното „Фросина" во МКЦ. Изведувач на работите е ГЛОБОЦКИ ДОО во соработка со БОНОР Инжееринг ДООЕЛ и Вентилтраид- интернационал ДООЕЛ.

Културно информативен центар



# САЛОНОТ 19:19 СО КОМПЛЕТНО НОВ ЛИК

Салонот 19:19 во Културно информативниот центар којшто се реновираше во изминативе шест месеци на 15 март повторно ги отвори вратите за уметниците и за публиката.

- Салонот 19:19 претставуваше препознатлива сцена за многу познати и помалку познати уметници, со широк дијапазон на уметнички изрази, секогаш проследени од армија публика. Затоа сметам дека инвестицијата на Градот Скопје во висина од 3,5 милиони денари за изградба на нов покрив, како и за уредување на другите помошни простории е сосема оправдана. Центарот на Скопје доби еден современо уреден простор со услови за интензивно доживување на уметничкиот труд, но и сцена за промоција на нови аудио и визуелни изданија, литературни дела, како и за други собири од јавен карактер - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на Салонот 19:19.



Директорката на Културно информативниот центар, Сермине Пурини, потенцира дека Салонот 19:19 постои уште од 1967 година и досега не претрпел никакви промени, ниту пак некогаш бил реновиран.

- Ја користам оваа пригода да и изразам посебна благодарност на Фондацијата ИМАС од САД за донацијата од 7 милиони денари, средства што се искористени за реновирање и уредување на ентериерот на салата, каде што се монтирани нови седишта, комплетно нова сценска конструкција, подобрена е акустичната школка на Салонот, поставено е ново осветлување и централна климатизација на просторот. Со инвестицијата на Град Скопје од 3,5 милиони денари извршена е поправка на покривот, на гримиорните, тоалетите, гардеробите и другите помошни простории, а реновирано е и влезното фоаје во Салонот - рече Пурини.





# ПРОДОЛЖУВА ОБНОВАТА НА ФАСАДИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Екипи на Градот Скопје деновиве работат на реконструкцијата на фасадата на дел од објектот на улицата 11 Октомври број 2, влезови 1, 2, 3, 4 и 5, што претставува продолжение на објектот од ресторанот „Пелистер" кон плоштадот „Пела". Зградата има приземје и пет ката, а долга е 72 метри.

За реконструкција на фасадата на овој објект ќе се употребат природни, автентични материјали – травертин и травертинско терацо во комбинација со завршни декоративни префабрикувани елементи. Фасадата ќе се реконструира во класичен стил. На овој објект ќе биде изведена и илуминација.

Проектот за обнова на фасадата на зградата број 2 на улицата 11 Октомври претставува разработка на првонаградено решение на распишаниот јавен конкурс на авторите од „Жагра-ком" ДООЕЛ Скопје. На терен ќе работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ". Реконструкцијата на фасадата на овој објект треба да заврши до крајот на годинава. Градот Скопје во овој проект ќе вложи околу 28,8 милиони денари.





# НОВА РОЛЕРСКА ПАТЕКА НА ЛЕВАТА СТРАНА ОД КЕЈОТ НА ВАРДАР





По кејот на реката Вардар, од левата страна, екипите на Градот Скопје изградија уште една делница од ролерско-велосипедската патека, на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8.Септември. Новата патека е долга 3 000 метри, асфалтирана е и обележана.

Како дел од градежните работи на новата ролерско-велосипедска патека, по нејзината должина е изграден потпорен ѕид на делот каде што не е регулирано коритото на Вардар. Ѕидот е долг 80 метри, со променлива височина од 0 до 4 метри во зависност од конфигурацијата на теренот.

На изградба на новата патека работеа екипите на градежната компанија „Жикол" ДООЕЛ Струмица. За реализација на овој проект Градот Скопје издвои околу 16,5 милиони денари. По должината на патеката е поставено и ново улично осветлување, со 98 метални столба високи по 6 метри. На секој столб е поставена по една светилка од 150 W. На осветлувањето на патеката работеа екипите на „Магнус инженеринг", а за овој зафат Градот Скопје одвои 5,3 милиони денари.

За бележење на хоризонталната сигнализација на патеката беа задолжени работниците на ЈП „Улици и патишта", а околното зеленило го уредија екипи на ЈП „Паркови и зеленило".

## Во општината Сарај

# ОСВЕТЛЕНА ТРАСАТА ОД СЕЛОТО ГЛУМОВО ДО ХИДРОЦЕНТРАЛАТА „МАТКА“

За поголема прегледност на патот и за зголемување на безбедноста во сообраќајот минатиот месец трасата од село Глумово до влезот на хидроцентралата „Матка“ беше целосно осветлена. Новото улично осветлување го промовираа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општината Сарај, Беким Мурати и министерот за правда Блерим Беџети.

- Трасата на којашто е изградено уличното осветлување е со должина од околу 2 километра и на неа се поставени 64 столбови со висина од 8 метри, а на секој столб светилка од 150 W. Осветлувањето коешто го направивме на овој потег ќе придонесе за поголема прегледност на патот, со што ќе се зголеми безбедноста на жителите на овие две села, на сопствениците на викенд куќите во околината на Матка, како и на туристите коишто во вечерните часови го посетуваат Кањонот Матка - истакна градоначалникот Трајановски.

Проектот за уличното осветлување е изработен од ЗУАС Скопје, а напојувањето на осветлувањето ќе се врши од 3 разводни ормари, во согласност со енергетските согласности добиени од АД ЕВН Македонија.

Изведувач на работите на терен беше фирмата „ЕЛТРА“ од Скопје, а вкупната вредност на изведените работи изнесува околу 5 милиони денари.






# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЧАРШИЈАТА

Уличното осветлување во Старата скопска чаршија наскоро ќе биде целосно обновено. Со проектот за реконструкција ќе бидат опфатени улиците Битпазарска, Дрварска, Покриена чаршија, Градиште, Лазар Танев, Подграѓе, Јорганџиска, Макарија Фрчковски, Казанџиска, 694, Ќурчиска, Евлија Челебија, 412, Папуџиска, Петар Михов, Теодосиј Гологанов, Ковачка и Самарџиска.

- Реконструкцијата и адаптацијата на осветлувањето во Старата скопска чаршија се изведува во согласност со проектот изработен од „Блаком" Скопје, за што се предвидени околу 25 милиони денари. Во согласност со Одлуката на Советот на Град Скопје за воспоставување соработка меѓу Градот Скопје и општината Чаир, трошоците за реализација на овој проект во висина од 50 отсто ги презема Град Скопје, а 50 отсто општината Чаир. Планирано е да се постават 250 столбови со 472 нови алуминиумски декоративни фенери со флуоресцентни штедливи светилки од 60W. Чаршијата ќе биде целосно осветлена што ќе придонесе за поголема безбедност на граѓаните и за нејзино заживување - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи за реконструкција на осветлувањето во старото градско јадро.

Овој проект предвидува фенерите да се постават на 57 декоративни лиени железни тросегментни столбови со висина од 3,4 метри, со по 3 фенери; 67 декоративни лиени железни тросегментни столбови со висина од 3,4 метри, со по 2 фенери; 19 декоративни лиени железни тросегментни столбови со висина од 3,4 метри, со по 1 фенер; 26 декоративни лиени железни тросегментни столбови со висина од 2,95 метри со по 1 фенер и 49 декоративни лиени железни едносегментни столбови со висина од 4,5 метри, со по 2 фенери. Седумдесет и седум фенери ќе бидат поставени на фасадите на декоративни ѕидни конзоли.

На терен ќе работат екипите на групата понудувачи „Инженеринг ДАСС", „Гранит електрика", „Макпримат", и „АДРА", а рокот предвиден за изведба на работите изнесува три месеци.

## До крајот на годинава

# 275 СОВРЕМЕНИ АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА




Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ склучи договор за јавно-приватно партнерство со грчката компанија „Ремеди адвертајзинг“ за изработка на 275 автобуски стојалишта по трасата на автобусите од јавниот градски превоз. Според договорот, треба да се изработат:

- 65 автобуски стојалишта со стреа, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што стојат на станицата;

- 117 автобуски стојалишта со стреа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што стојат на станицата;

- 93 автобуски стојалишта (двојни) со стреа, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што стојат на станицата.

Фирмата „Ремеди адвертајзинг“, според договорот, треба да изработи и 80 електронски информациони дисплеи, а ќе ги издава под закуп само рекламните површини на автобуските постојки.

Новите автобуски стојалишта треба да бидат изработени за 8 месеци. Договорот за јавно-приватно партнерство на ЈСП со грчката фирма „Ремеди адвертајзинг“ ќе трае 15 години.

На градските улици од овој месец сообраќаат 68 нови двокатни автобуси. Автобусите ги исполнуваат сите потребни стандарди, опремени се со автоматски управувана рампа за инвалидски и детски колички, целосно се климатизирани и удобни.

- Со овие 68 двокатни автобуси и со вкупниот број од 216 нови автобуси што пристигнаа од Украина и од Кина, успеавме да смениме 70 проценти од возниот парк на ЈСП „Скопје". Градот Скопје ќе инвестира и во изградба на нови 275 автобуски постојки, електронски билети и автоматска локација на автобусите, со што скопјани ќе добијат удобен, безбеден и модерен јавен градски превоз – изјави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на новите возила.

Со проектот за обнова на возниот парк на ЈСП „Скопје" е предвидена набавка на вкупно 202 двокатни автобуси, 15 панорамски двокатни автобуси, како и 80 нископодни автобуси и 16 минибуси. Обновата на возниот парк на ЈСП е проект финансиран од Буџетот на Владата на Република Македонија. Тој е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на РМ.



# УШТЕ 68 НОВИ ДВОКАТНИ АВТОБУСИ НА СКОПСКИТЕ УЛИЦИ





Подготовки за уредување на просторот зад Старата железничка станица

# ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНА СООБРАЌАЈНИЦА

Градот Скопје на 12 март склучи договор со компанијата „Лимак“ од Република Турција со којштo се уредуваат односите за изградба на подземната сообраќајница во согласност со Деталниот урбанистички план „Стара железничка станица“. Во име на Градот Скопје договорот го потпиша градоначалникот Коце Трајановски, а во име на фирмата „Лимак“ договорот го потпиша Халдун Фират Коктурк, одговорен за Балканот во оваа компанија.

- Компанијата „Лимак“ ќе ја изгради новата сообраќајница под земја, на длабочина од 6 метри. Булеварот ќе биде долг 800 метри и ќе има по три коловозни ленти во секоја насока. Се очекува градежните работи на подземната сообраќајница да почнат за една година. Прво ќе се гради булеварот, а потоа и објектите што ќе никнат над него – објекти за колективно домување, трговски и деловни центри и хотели. Со овој договор практично почнува реализацијата на проектот за Јужен булевар во Скопје. Градот Скопје во наредниов период ќе почне да прави проекти за продолженијата на подземната сообраќајница и нејзиното поврзување со булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов – рече градоначалникот Трајановски на потпишувањето на договорот.



Претставникот на „Лимак“, Халдун Коктурк, објасни дека ова е прв проект на компанијата во Република Македонија.

- Компанијата „Лимак“ е еден од најголемите инвеститори во Република Турција, којашто од 1976 година работи со инвестиции во градежништвото, туризмот и енергетиката. Сигурни сме дека со нашата заложба Скопје уште повеќе ќе се изгради – нагласи Коктурк.

Компанијата „Лимак“, според договорот, откако ќе ја изгради подземната сообраќајница има обврска да ја предаде во владение на Градот Скопје.



Потпишан договор со проектантската куќа ИДОМ

# ЌЕ СЕ ПРАВИ ПРОЕКТ ЗА ПОДЗЕМНАТА УЛИЦА ПОД КЕЈОТ

Градежниот проект за сообраќајницата и тунелот што ќе се протегаат од раскрсницата на булеварот Илинден со булеварот Гоце Делчев, па под кејот „13 Ноември" до раскрсницата на булеварите Крсте Мисирков и Кочо Рацин ќе го изработуваат експертите од проектантската куќа ИДОМ, од Шпанија. Договорот за изработка на проектот во име на Град Скопје го потпиша градоначалникот Коце Трајановски, а во име на проектантската куќа ИДОМ, Хозе Алберто Фулдаин.

- Ја потпишуваме инвестиционата техничка документација на ниво на основен проект за подземната сообраќајница од мостот„Гоце Делчев" до Комплексот банки заедно со потребните улици за влез и за излез. Вредноста на градежниот проект е 33 милиони денари, а вредноста на сообраќајниот проект изнесува 5,2 милиони денари со ревизија. Минатата година со Владата на Република Македонија и со Министерството за транспорт и врски потпишавме Меморандум за соработка за финансирање на изградбата на оваа сообраќајница којашто се предвидува да изнесува околу 32 милиони евра. Изработката на сообраќајниот и на градежниот проект се очекува да заврши до крајот на 2012 година. Потоа ќе се распише тендер за избор на изведувач, а изградбата треба да почне до крајот на 2013 година. Рокот за изведба е околу 3 години – објасни градоначалникот Трајановски.

Тој додаде дека должината на подземната сообраќајницата е 1300 метри, од кои 900 метри се под земја, а 400 метри над земја. Сообраќајницата почнува со кружен тек кај мостот „Гоце Делчев", потоа се движи под земја и излегува во близина на Транспортниот центар, каде што треба да се направи уште еден кружен тек на вкрстувањето на булеварот Крсте Мисирков со булеварите Кочо Рацин и Кузман Јосифовски Питу. Подземната сообраќајница ќе се гради 10 метри под земја.



Советот на Град Скопје донесе одлука за задолжување на Градот Скопје преку издавање обврзници во износ од 310 милиони денари. Задолжувањето ќе се врши во земјата, преку издавање обврзници по пат на јавна понуда, а во согласност со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за Град Скопје и Законот за хартии од вредност.

Добиените средства ќе бидат наменети за реализација на Проектот за изградба на подземна сообраќајница во централното градско подрачје во Скопје, што ќе ги поврзува булеварите Илинден и Крсте Мисирков.

# СЕ ГРАДАТ ОБИКОЛНИТЕ УЛИЦИ КАЈ АРЕНАТА „ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ“



Градежните работи на обиколните улици кај националната арена „Филип II Македонски“ се во тек. Инвестицијата е вредна околу 35 милиони денари, во којашто со по една третина од средствата учествуваат Градот Скопје, АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор и општината Центар.

- Овој проект го финансираат три институции зашто тој е од особено значење за Скопје и е во функција на арената „Филип II Македонски“. Изградбата на обиколните улици кај стадионот ќе овозможи да се запазат сите стандарди утврдени за ваков тип објекти, односно ќе се овозможи пристап за сите возила што треба да стигнат до оваа спортска арена – вели градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Проектот за изградба на обиколните улици кај стадионот опфаќа изградба на атмосферска мрежа со должина од 550 метри, коловози со вкупна површина од 14.310 квадратни метри, тротоари со површина од 5.832 квадрати, како и комплетно осветлување. Обиколните улици кај арената „Филип II Македонски“ ги градат екипите на градежната компанија „Гранит“, а градежните работи се очекува да завршат за 3 месеци.

# НОВИ ПАРКИНГ-МЕСТА КАЈ САЛАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“



Паркиралиштето на булеварот АВНОЈ, наспроти спортската сала „Јане Сандански“ во Аеродром наскоро ќе добие дополнителни 120 паркинг-места.

- Ова паркиралиште ќе се прошири во должина од 300 метри, се до последната станица на автобусот со број 5. Градежните работи ќе се изведуваат фазно. За изградба на овој паркинг-простор Градот Скопје ќе потроши околу 2,5 милиони денари. На терен ќе работат екипите на ЈП „Улици и патишта“, а градежните работи се очекува да завршат за еден месец. Проширениот паркинг-простор наспроти спортската сала „Јане Сандански“ значително ќе придонесе за решавање на проблемот со паркирањето во овој дел од градот – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



Проект „Остави го автомобилот, вози велосипед 2012“

# ПОЧНА СЕЗОНАТА ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

Граѓаните на Скопје од 1 април можат да изнајмуваат велосипеди за 10 денари за час на четири постојни локации во градот, односно на јавното паркиралиште „Треска“, јавното паркиралиште на плоштадот „Македонија“, јавното паркиралиште „Илинден“ и во населбата Аеродром, кај Трговскиот центар „Бисер“. По барање на корисниците, во тек се подготовките за отворање пункт за изнајмување велосипеди кај Зоолошката градина.

И во текот на оваа сезона граѓаните ќе можат велосипедот којшто е изнајмен од една постојка, да го вратат на друга. На пример, доколку корисникот изнајми велосипед од станицата во Аеродром истиот, може да го врати на плоштадот „Македонија“ или, пак, на постојката кај јавното паркиралиште „Треска“.

Велосипедите може да се изнајмуваат од 7 до 21 часот, а враќањето на велосипедите е најдоцна до 23 часот, секој ден, вклучувајќи ја и неделата.

Проектот за изнајмување велосипед се спроведува под мотото „Остави го автомобилот, вози велосипед“, трета година по ред.

Во функција на промоцијата на велосипедот како транспортно и рекреативно средство Градот Скопје во изминатиов период реализира голем број активности: со црвена боја се обележани поголем број велосипедски патеки, воспоставена е велосипедска врска по кејот на реката Вардар, обновена е и поставена нова, дополнителна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и се поставени држачи за велосипеди. Градот Скопје апелира до граѓаните совесно да се однесуваат со изнајмените велосипеди.

## НАБАВЕНИ НОВИ ВЕЛОСИПЕДИ

Советот на Град Скопје даде согласност 75 нови велосипеди да се предадат на ЈП „Градски паркинг“ коишто ќе се вклучат во системот за изнајмување на велосипеди на Градот Скопје.

Велосипедите се од марката „Масимо Сити“, а причината за нивната набавка е потребата од зголемување на бројот на велосипеди што ќе може да се изнајмуваат во проектот „Остави го автомобилот, вози велосипед“.



# ПАРК ЗА МИЛЕНИЧИЊА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК






Градот Скопје за потребите на граѓаните коишто чуваат домашни миленичиња во Вториот дел од Градскиот парк изгради Парк за миленичиња, на површина од околу 1 200 квадратни метри, којшто е опремен со различни содржини и реквизити за забава на миленичињата.

- Во внатрешноста на паркот има чешма од којашто миленичињата ќе можат да пијат вода, поставени се и клупи за одморање на сопствениците на миленичињата и три специјализирани канти со ролна со големи и мали кеси за собирање на изметот од кучињата. Со реализацијата на овој проект Градот Скопје ги задоволи барањата на граѓаните коишто чуваат миленици, но и барањата на граѓаните коишто ги шетаат своите деца во Градскиот парк, бидејќи сметаме дека со изградбата на овој парк ќе се подобри општата хигиена на зелените површини во Паркот. Имено, до колку некој од сопствениците на миленичиња го шета кучето на зелените површини во Паркот, или по патеките без маска, без поводник и не носи кеса за измет, комуналните редари ќе интервенират и ќе го казнат - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на Паркот за миленици.

Паркот за миленици е заграден со жичена ограда висока 1,5 метри, поставена на метални профили и има два влеза.

На изградбата на Паркот за миленици работеа екипи на јавните претпријатија „Паркови и зеленило", „Улици и патишта" и „Водовод и канализација", а во проектот се вложени околу 460 000 денари.

Овој пилот проект Градот Скопје го реализира во соработка со невладините организации и здруженија за заштита на животни, со цел на граѓаните коишто имаат домашни миленици да им се понудат нови интересни и достапни содржини во Градскиот парк коишто би ги користеле нивните миленичиња, со што би се заштитиле преостанатите зелени површини во Паркот.

Реализацијата на овој проект ја поздрави и Радмила Пешева, член на Здружението за заштита на животни „Анима Мунди", којашто ги повика градоначалниците на другите општини да го следат позитивниот пример на Градот и тие во својата општина да отворат барем по еден ваков парк за миленичиња. Таа испрати и апел до сопствениците на миленичиња да се придржуваат на законските одредби, а воедно ги охрабри и градските инспектори да ги казнуваат несовесните граѓани.



Во селото Љубанци

# СЕ ГРАДИ ТРЕТАТА ФАЗА ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА



Изградбата на третата фаза од фекалната канализациска мрежа во село Љубанци, којашто почна на 15 март, се одвива според предвидената динамика. Со овој градежен зафат село Љубанци целосно ќе биде покриено со фекална канализација.

- Овој проект е резултат на добрата соработка меѓу Градот Скопје и општината Бутел и е на барање на жителите на село Љубанци на коишто им ја ветивме нашата помош. Со изградбата на третата фаза од канализациската мрежа во село Љубанци се решава еден од најгорливите проблеми за жителите на ова населено место. Во проектот вреден околу 6,3 милиони денари Градот Скопје ќе учествува со 5 милиони денари – рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи.

Со градежниот зафат ќе се изградат три крака од фекалната канализација во село Љубанци и тоа:

- Крак 5 со должина од 102 метри и Ф 250 милиметри
- Крак 6 со должина од 547 метри и Ф 250 милиметри и
- Крак 8 со должина од 208 метри и Ф 250 милиметри.

Според проектот од ЈП „Водовод и канализација", на длабочина од 3 метри се поставуваат PVC цевки. На терен работат екипите на АД „Енергомонт", а изградбата на мрежата треба да заврши за еден месец.

„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66
**Телефони**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн**
НАМПРЕС - Скопје
**Печати**
НАМПРЕС - Скопје



# ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“ СЕ ПОДНОВИ СО МЕХАНИЗАЦИЈА

Јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ се поднови со три повеќенаменски машини, рајдери за косење трева, на коишто може да се монтира мулчер, додаток што се користи за косење груба трева низ којашто има грмушки или дрвенеста трева. Станува збор за многу моќни машини, односно со една машина за еден ден може да се искоси првиот дел на Градскиот парк.

Набавен е и камион со платформа со дигалка за сечење и кастрење дрвја на висина до 13,5 метри и камион со механизам за товарење и истоварање.

Градот Скопје за набавка на новата опрема за ЈП „Паркови и зеленило“, којашто е наменета за подобрување на работата на ова јавно претпријатие во делот на одржување на тревниците и на дрвјата во парковите и во дрворедите, од Буџетот издвои 7,5 милиони денари.



За потребите на ЈП „Комунална хигиена“

# НАБАВЕНИ НОВИ МЕТЛАРКИ И КАМИОНИ ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ




Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ ја дополни механизацијата со која што располага со две нови специјализирани возила за чистење на коловозите - метларки и со 5 мали камиони за собирање смет.

- Градот Скопје за потребите на ЈП „Комунална хигиена“ набави две нови возила – метларки коишто ќе се користат за чистење на коловозите на улиците низ градот. За набавка на овие возила од Буџетот на Градот се издвоени околу 18 милиони денари. Од 2009 година досега за потребите на ова јавно претпријатие Градот Скопје има набавено 40 нови возила, со што значително е подновен возниот парк на претпријатието и е подобрена општата хигиена во градот – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новата механизација.

Малите камиони за собирање смет од тесните улички, односно од населбите каде што големите камиони немаат пристап поради конфигурацијата на теренот, се со капацитет од 5 кубни метри, со вграден систем за подигнување и празнење контејнери или истовремено подигање и празнење 2 типски канти од 120 литри.

Петте мали камиони за собирање смет јавното претпријатие „Комунална хигиена“ ги набави од сопствени средства.



# СКОПЈЕ СЕ ЗБРАТИМИ СО ЗАГРЕБ...



Со потпишување на Повелбата за пријателство и соработка меѓу Град Скопје и Град Загреб, од градоначалниците Коце Трајановски и Милан Бандиќ, Скопје и Загреб станаа збратимени градови. Целта на оваа Повелба е да им се овозможи на граѓаните на двата града остварување на заедничките цели и резултати, како и зајакнување на постојните врски, со посебен акцент на проширување на стопанските и на културните врски; размена на искуства во еколошките програми, особено во заштитата на животната средина; меѓусебното запознавање на културата, историјата и традицијата; соработката меѓу музеите, универзитетите; мултикултурната соработка и јакнењето на врските меѓу националните малцинства; ЕУ проектите; образованието (соработка меѓу средните училишта); урбанизамот и соработката меѓу јавните претпријатија.

Градовите Скопје и Загреб имаат долгогодишна традиција на одлична соработка, којашто во изминативе години резултира со голем број средби и меѓусебни посети и разменување искуства.

Загреб е седумнаесеттиот град со којшто Скопје се збратимува.

# ...И СО БЕЛГРАД



Градот Скопје на 26 март се збратими со Градот Белград. Спогодбата за збратимување меѓу двата града во Белград ја потпишаа градоначалниците Коце Трајановски и Драган Ѓилас. На средбата двајцата градоначалници разговараа за повеќе теми од областа на урбаното живеење, сообраќајот, урбанистичкото планирање, одржувањето на јавната хигиена, развојот на образованието, поддршката на културата и на спортот.

- Скопје и Белград со години имаат блиска соработка, а со збратимувањето на двата града се отвора уште поголема можност за размена на искуства и соработка во многу полиња од општественото живеење, особено за решавање на сообраќајните проблеми, урбанистичките прашања и за развој на образованието. Оваа соработка ќе биде поттик и за развој на економијата во двата града – изјави градоначалникот Коце Трајановски, по потпишувањето на спогодбата.

Делегацијата на Град Скопје во рамките на посетата на Белград ги посети Центарот за управување и контрола на сообраќајот во Белград, Центарот за автоматско следење на возилата од јавниот градски превоз и депото на јавното сообраќајно претпријатие на Белград. Белград е осумнаесеттиот град со којшто се збратимува Скопје.

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРНА ГОРА, ФИЛИП ВУЈАНОВИЌ - ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА СКОПЈЕ



Претседателот на Република Црна Гора, Филип Вујановиќ, на свечена церемонија, што се одржа на 17 март, беше прогласен за почесен граѓанин на Скопје. На Вујановиќ, плакетата „Почесен граѓанин на Скопје" му ја врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Претседателот Вујановиќ е голем пријател и почитувач на Република Македонија и на градот Скопје, современ политичар, голем државник, хуманист и промотор во градењето на соработката меѓу Република Црна Гора и Република Македонија. Голем е неговиот придонес во креирањето на културно-историските врски и долгогодишната плодна културна и стопанска соработка на црногорската и македонската држава. Прогласувањето на Претседателот Вујановиќ за почесен граѓанин на Град Скопје претставува почит не само спрема црногорскиот претседател  туку и признание за мирољубивите стремежи на црногорската држава во градењето на меѓуетничкиот соживот во Република Црна Гора, во којашто се почитуваат и нејзините граѓани Македонци. Убеден сум дека оваа тутула на почесен граѓанин ќе придонесе за уште поинтензивни активности во правец на јакнење на соработката на нашите две земји и секако продлабочување на релациите на нашите два збратимени града, Подгорица и Скопје - истакна градоначалникот Трајановски.

Претседателот Филип Вујановиќ рече дека за него е голема привилегија да се биде почесен граѓанин на Скопје.

- Оваа привилегија за мене има тродимензионално значење: меѓународно, меѓуградско и лично. Нашите односи се максимално отворени за соработка, како меѓу Црна Гора и Македонија, така и меѓу граѓаните на Скопје и Подгорица. Со гордост можам да истакнам дека, граѓаните на Црна Гора паметат повеќедецениска несебична помош од Македонците, оти и ние како народ, исто како и вие, се бориме со истите историско-политички премрежја на овие простори, а македонскиот народ како и македонските државници секогаш ни ја нуделе својата несебична помош во споделувањето на своите искуства. Посакувам вредностите на нашата соработка да достигнат највисоко ниво во годините што следуваат - потенцира Вујановиќ.

Делегацијата од Република Црна Гора во текот на својата посета на Скопје посети повеќе културно-историски знаменитости во градот.



# ГРАД СКОПЈЕ ЈА ДОБИ НАГРАДАТА „БАЛКАНСКА ПОВЕЛБА НА МИРОТ”



Меѓународната невладина организација „Балкански клуб на мирот” на 21 јануари на Градот Скопје му ја додели првата „Балканска повелба на мирот”. Станува збор за прво признание од овој вид, коешто е воспоставено на 6 март 2010 година на средба во Котор, а истата се врачува на Градот Скопје за неговите заслуги и активности за ширењето на идеите на мирот и пријателството, како на Балканот, така и пошироко.

Претседателот на организацијата „Балкански клуб на мирот”, Осмо Ватреш, признанието „Балканска повелба на мирот”, го врачи на Секретарот на Град Скопје, Гордана Клинчарова.

- Ова признание е голем поттик за Град Скопје да продолжи да чекори по стапките на Мајка Тереза во промовирање на идејата за мир во Скопје и во Република Македонија – нагласи Клинчарова.

Организацијата „Балкански клуб на мирот” е создадена во 2004 година во Скопје и во истата членуваат 11 членки од регионот: Македонија, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Бугарија, Грција, Црна Гора, Молдавија, Романија и Турција.

### ПРОМОВИРАНА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

# СКОПЈЕ - РОДОВО ЕДНАКОВ ГРАД

„Скопје – родово еднаков град“ е насловот на Стратегијата за родова еднаквост на Град Скопје што беше промовирана на 8 Март. Стратегијата претставува сеопфатен документ којшто ја изразува политиката на Градот и плановите за остварување на визијата Скопје да прерасне во родово еднаков град.

- Современите светски тенденции укажуваат на потребата за креирање микрополитики и носење политички одлуки и решенија коишто ќе им овозможат на жените и на мажите, во согласност со нивните биолошки и социјални потреби, услови со коишто ќе добијат еднакви можности за унапредување на нивниот економски, политички и социјален статус во општеството. Постигнувањето рамноправност на мажите и жените е важно прашање и во Република Македонија и се прават значајни чекори на национално и на локално ниво. Град Скопје се приклучува во напорите за унапредување на родовата еднаквост - рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата.

Стратегијата има три основни цели:

1. Да обезбеди детална анализа на состојбата за предностите и слабостите на Град Скопје, да го воведе концептот на родова интеграција при креирањето на јавните локални политики, при креирањето на буџетот на Град Скопје и при доставувањето на локалните јавни услуги.

2. Да понуди платформа за акција за воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на јавните локални политики, при планирањето и креирањето на буџетот на Град Скопје и при доставувањето на локалните јавни услуги. Платформата за акција, всушност е акцискиот план којшто е составен од активности што ќе ги спроведува Комисијата за еднакви можности при Советот на Град Скопје и администрацијата на Град Скопје.

3. Да се користи како платформа за соработка со различни засегнати страни коишто ќе се јават како партнери на Градот Скопје во спроведувањето на Стратегијата.

Во процесот на креирање на Стратегијата активно учествуваа претставници од општините во градот Скопје, Комисијата за еднакви можности на Советот на Град Скопје, а беа консултирани и стручни лица од Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на UN Women.



# ДОНИРАНИ ДВА АПАРАТИ ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗА



За потребите на Одделението за нефрологија при Градската општа болница „8. Септември“ и на Јавната здравствена установа „Железара“ Градот Скопје и општината Центар минатиот месец донираа 2 апарати за хемодијализа за бубрежно болните пациенти. Донацијата ја предадоа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Центар, Владимир Тодоровиќ.

- Со одлука на Советот на Град Скопје и на општината Центар беа обезбедени 1.000.000, односно 200.000 денари. Здружението „Нефрон“ ја спроведе набавката на апарати за хемодијализа, а во комисијата за набавка и распределба на апаратите активно учествуваа претставници од Град Скопје, општината Центар, Фондот за здравство, поликлиниката „Железара“, поликлиниката „Чаир“ и Центарот за дијализа Дијамед. Обезбедени се 2 апарати по цена од 1.180.000 денари, коишто целосно ги задоволуваат стандардите и функционалните технички карактеристики и истите ќе бидат распределени во центарот за дијализа во болницата „8.Септември“ и во Јавната здравствена установа „Железара“ - истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на предавањето на донацијата.





### „Денови на пролетта – денови на екологијата“

# ГОЛЕМА ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ



Екипи на Градот Скопје, по повод 21 Март - Денот на пролетта, организираа голема акција за чистење и уредување на вториот дел од Градскиот парк. Работниците ги искроија и обликуваа грмушките, целосно ги исчистија од отпадоци, суви гранки, листови и камења и ги подготвија за косење сите тревници.

Во акцијата се кроеја и крошните на дрвјата и се отстрануваа старите, заболени и исушени гранки, коишто ги нагрдуваа дрвјата и претставуваа опасност за минувачите. Акцијата на Градот Скопје ќе продолжи и во наредниве денови, се додека комплетно не се уреди зеленилото во вториот дел на паркот.

Голема акција за чистење на јавните површини организира и ЈП „Комунална хигиена“. Стотина вработени во пролетното чистење на плоштадот „Македонија“, кејот на Вардар, Старата скопска чаршија и од улицата Самоилова, собраа и изнесоа 15 кубни метри отпадоци и смет. На терен излегоа и 150 работници коишто ги чистеа магистралните улици.



Членови на Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“, членови на Здружението за телесно инвалидизирани лица „Мобилност“, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и претставници од градската администрација по повод манифестацијата „Денови на пролетта – Денови на екологијата“ засадија цвеќиња во жардиниерите и алеите околу фонтаната „Лотосов цвет“, во Градскиот парк.

# ВТОР ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СКОПЈЕ (ЛЕАП 2)



Во рамките на традиционалната манифестација „Денови на пролетта - Денови на екологијата" Градот Скопје го промовира вториот Локален еколошки план за Скопје (ЛЕАП 2), стратешки документ којшто ги утврдува промените во животната средина во градот во последните 5 години и предлага мерки и активности за заштита и унапредување на средината. Изработката на ЛЕАП 2 произлегува од потребата на граѓаните за чиста и здрава животна средина, но и како обврска на Градот Скопје во согласност со Законот за животна средина.

Документот опфаќа пет тематски области: отпад, вода, воздух, почва и природа, ги констатира промените во средината и ја поттикнува локалната заедница да преземе конкретни чекори за зачувување и унапредување на животната средина. ЛЕАП 2 го изработија стручните лица од „Еуромак контрол", во соработка со Градот Скопје.

- Градот Скопје веќе активно работи на решавање на проблемите со животната средина. Работиме на издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, при што 9 дозволи се веќе издадени, а 24 се во процедура. Градот Скопје во 2011 година стана првата локална самоуправа којашто почнувајќи да гради локална мониторинг мрежа за квалитет на воздухот овозможи транспарентност на добиените резултати на дисплеј на главната пешачка улица. Изработивме план за одржлив транспорт во Скопје, набавени се нови автобуси за јавниот градски превоз, се подобрија условите за велосипедски сообраќај со изградба на велосипедски патеки и воведување можност за изнајмување велосипед, а и се реконструираа голем број улици и булевари со што се намали застојот во сообраќајот. Минатата година се засадени 42.000 дрвца, а доделивме и 10.000 бесплатни садници на месни и урбани заедници, куќни совети и образовни институции. Градот Скопје во 2011 година се приклучи на Европската недела на мобилност и организираше, заедно со уште 2.688 градови, седумдневни активности за промовирање алтернативни видови сообраќај. Уверен сум дека и активностите што ќе произлезат од ЛЕАП 2 успешно ќе ги завршиме – нагласи градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на развојниот документ.

## КОНКУРС ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Градот Скопје го распиша јавниот конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, најубаво уреден двор на куќа, зграда и стопански објект и најубав состав и цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта. Целта на конкурсот е да се промовира и популаризира грижата за животната средина и за природата.

Пријавите на заинтересираните граѓани, невладини организации, јавни установи, претпријатија и други правни и физички лица се доставуваат по пошта на адреса: Град Скопје-Сектор за заштита на животната средина и природата, булевар Илинден 66, или во архивата на Градот, како и на телефонскиот број 3297-273 и 3297-302.

Пријавувањето на овој јавен повик трае до 15 мај. За наградените во конкурсот се предвидени парични награди.



# ДЕТСКИ КОРПИ ЗА СЕЛЕКТИРАН ОТПАД

Градинките „Ташко Караџа“ во општината Бутел, „Кочо Рацин“ во општината Центар, „Орце Николов“ во општината Карпош, „8-ми Март“ во општината Кисела Вода, „Срничка“ во општината Аеродром, „Детска радост“ во општината Гази Баба, „Фидани“ во општината Чаир, „Снежана“ во општината Шуто Оризари, „Росица“ во општината Ѓорче Петров и училиштето „Дурија“ во општината Сарај добија по еден комплет корпи за селектиран отпад. Новите корпи што ги набави Градот Скопје, се во форма на животни – мече, делфин и жаба и во нив може да се одлага хартија, пластика и лименки.

- Корпите се направени од еколошки материјали и еколошки бои. Децата низ игра и забава ќе имаат можност да научат правилно да се однесуваат со отпадот, да селектираат и да ја чуваат животната средина. Децата ќе бидат добар пример и за возрасните. Токму затоа се решивме вакви корпи да донираме токму во градинките, за нашите најмлади сограѓани. Шест комплети со по три корпи се поставени во Зоолошката градина, а по еден комплет корпи ќе добие една градинка или училиште во секоја од десетте скопски општини. За набавка на овие корпи Градот Скопје одвои околу 1,8 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Корпите за селектиран отпад се набавени од фирмата „Рес Индустријал Суплиер“ ДООЕЛ-Скопје.



# ЕДУКАТИВНИ ПРОСТОРНИ ИНСТАЛАЦИИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Градот Скопје во првиот дел на Градскиот парк постави шест просторни едукативни инсталации поместени во две тематски групи, „Човекот и неговиот простор" на Ристо Аврамовски и „Во светот на детските фантазии" на Ивана Топаловска. Секоја едукативна инсталација сместена во новите две детски катчиња е изработена според тематика од детските бајки.

Во првата група „Во светот на детските фантазии" поставени се трите инсталации „Алиса во земјата на чудата", „Волшебникот од Оз" и „Пинокио", а во втората група насловена како „Човекот и неговиот простор" просторни инсталации се „Неси", „Тотем" и „Ксилофон".

Договорот за изработка и монтажа на просторни едукативни инсталации во Градскиот парк во Скопје е потпишан меѓу Град Скопје и „АРХИТЕКТРИ" Д.О.О – Скопје.













# 3Д ТЕХНОЛОГИЈА ВО




Вљубениците во седмата уметност од минатиот месец во Градското кино„Милениум“ може да уживаат во филмските проекции со најактуелната и најсовремена 3Д опрема. Новата 3Д технологија инсталирана во„Милениум“ беше промовирана со премиерата на документарниот филм „Пина“, работен по сценарио и во режија на култниот Вим Вендерс.

Во светот постојат 4 системи на прикажување 3Д слики, од коишто Dolby 3D е со најдобар квалитет на слика. Најновиот Dolby DSS200 е серверот што е инсталиран во киното, а звукот е 7.1 Dolby Digital со најновиот процесор на Dolby CP750. Проекторот е модел LX од фирмата KINOTON-BARCO. Производител на платното е HARKNESS.



# ГРАДСКОТО КИНО „МИЛЕНИУМ“





За реализација на проектот за опремување на Градското кино „Милениум“, со најновата софистицирана 3Д технологија, од Буџетот на Град Скопје беа одвоени околу 8.500.000 денари, а билетите за 3Д проекциите чинат 200 денари и можат да се купат на касата на Градското кино „Милениум“, секој ден од 10:30 до 22:30 часот.



# ИЗЛОЖБА НА НАЈДОБРИТЕ ФОТОГРАФИИ



Козјак



Фонтаната на плоштадот Македонија со споменикот Воин на коњ




Велосипед пред берберница

Во изложбениот салон на Културно информативниот центар – Скопје на 9 март беше отворена изложба на фотографии од Конкурсот за избор на најдобра фотографија со мотиви од Скопје, што го распиша Градот Скопје. На авторите на најдобрите фотографии наградите им ги врачи градоначалникот Коце Трајановски, а на сите учесници во конкурсот им додели признанија.

- Фотографијата е уметност, наука и практика којашто кај гледачот предизвикува драматичен ефект, го насмејува, предизвикува страв, а вистински погодок е ако се пронајдете во приказната. Единствената порака, освен уметничката димензија на фотографијата е тоа што таа, сама по себе, е сведоштво за едно време, место, народ, начин на живот, односно создавање трајни слики и приказни низ историјата на човештвото, онака како што нашите фотографи-учесници во конкурсот ја доживуваат и пренесуваат преку своите фотографии. Скопје како стопански, административен, културен и туристички центар постепено се менува, се создава една архитектонски нова урбана целина, со подобрена инфраструктура, во којашто посебен пиетет се дава на сите заслужни историски личности и сите оние што овозможиле ние денес слободно да живееме и пишуваме за историјата на Скопје - рече градоначалникот Трајановски, на отворањето на изложбата.

Теми за фотографиите и добитници на наградите на градскиот конкурс се:



Кајче



Мајка со дете

# СО МОТИВИ ОД СКОПЈЕ


Чергар


Матка

- За темата „Скопје - Градот што се менува“ првата награда ја доби Наќе Батев за фотографијата „Фонтаната на плоштадот Македонија со споменикот Воин на коњ“; втората награда му припадна на Дарко Котевски од Скопје за фотографијата „Мајка со дете“; а третата награда ја доби Дарин Анѓеловски од Скопје за фотографијата „Ново - старо Скопје“.

- За темата „Старата скопска чаршија и знаменитостите, односно сакралните објекти во Чаршијата и Калето“ првите две награди отидоа во рацете на Сања Бадаровска за фотографијата „Чаршија 1“ и на Звонко Плавевски за фотографијата „Чергар“, а третата награда ја делат Сања Бутерин за фотографијата „Велосипед пред берберница“ и Марија Костовска за фотографијата „Ноќ во чаршијата“.

- За темата „Водите и убавините на Скопје“ првата награда ја доби Влахо Бранџолица за фотографијата „Чамци - Матка“, втората награда - Ангел Ситновски за фотографијата „Кајче“, а третата награда - Кирил Штрков за фотографијата „Козјак“.

Конкурсот за најдобра фотографија беше објавен и реализиран во согласност со Програмата за туризам на Секторот за локален економски развој на Град Скопје. Целта на овој конкурс е промоција на градот Скопје низ фотографија, а воедно и поттик за авторите да создаваат дела базирани врз начелата за љубов, откривање и претставување на убавините на градот, како и отсликување на начинот на којшто пулсира животот во еден град, како сведоштво за времето во коешто е создавана фотографијата.


Ново-старо Скопје


Ноќ во чаршијата



Чаршија 1



*Реконструиран објектот на Младинскиот културен центар*